Република Северна Македонија

Јавна општинска установа за деца – детска градинка
СРЕЌНИ НАСМЕВКИ
Босилово

Врз основа на член 6 став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на РСМ бр.143/19 и 14/20), член 134 став 5 и 6 од Законот за заштита на деца (Сл.весник на РМ бр.23/13, 12/14.....198/18 и Сл.весник на РСМ бр.104/19, 146/19.....17/25) и член 22 од Колективен договор за јавните установи за деца во дејноста згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст и во дејноста одмор и рекреација на децата (Службен весник на РСМ бр220/2022, а согласно Правилникот за систематизација на работните места на ЈОУДГ„Среќни насмевки„ Босилово со арх.бр.01-07/1 од 29.03.2021 година, ЈОУДГ Среќни насмевки Босилово објавува

ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ - 01/2025

**за УНАПРЕДУВАЊЕ на 1 лице од помошно технички персонал за потребите од вршење на основната дејност на ЈОУДГ СРЕЌНИ НАСМЕВКИ Босилово за работно место:**

1. ДЕ30401А01001 – **Хаусмајстор - Помошно-технички оддел – Помошно технички лица за одржување на објекти и опрема; еден (1)извршител**

**Општи услови кои треба да ги исполнува кандидатот за работното место:**

- Да е државјанин на Република Северна Македонија;
- Да е физички и психички здрав;
- Да го познава македонскиот јазик и кирилското писмо;
- Да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност;
- Да не му е изречена казна со правосилна судска пресуда со која е осудено за кривично дело за семејно насилство, одземање на малолетно лице, негрижа или злоставување на малолетно лице или родосквернавење, за кривично дело од групата на дела против половата слобода, без оглед на изречената санкција и кај кое во согласност со закон е утврдено дискриминаторско однесување

**Посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за работното место:**

- најмалку ниво на квалификации IV или средно четиригодишно образование - машински техничар, електро-техничар, градежен техничар
- со и без работно искуство

Распоред на работно време:

- Работни денови Понеделник-Петок
- 40 работни часови неделно
- Работно време од 07:30-15:30 часот

Паричен нето износ на плата: 27.363,00 денари

Рокот за доставување на пријава за унапредување е 5 работни дена од денот на последното објавување на огласот.

Пријавата и задолжителните докази за исполнување на условите за унапредување (наведени во пријавата) да се достават во хартиена форма, пакувани во коверт, со назнака „за интерен оглас бр. 01/2025“, на адреса ЈОУДГ„Среќни насмевки“Босилово, с.Босилово бр.405, 2431 Босилово.

Избор од пријавените кандидати за пополнување на работното место врши директорот најдоцна во рок од 8 работни дена од денот на завршување на огласот.

Одлуката за избраниот кандидат ссе доставува до сите кандидати, во рок од 3 дена од денот на донесувањето на одлуката за избор.

Директорот со избраниот кандидат склучува договор за вработување.

ЈОУДГ„Среќни насмевки“Босилово
Директор
Македонка Гоцева